# Мали житија



## 17 АПРИЛ
### Светиот свештеномаченик Симеон, епископ Персиски

Претрпе мачење за Христа во времето на царот Саворij. Со него ги мачеа и неговите двајца презвитери Авделај и Ананија. Свети Симеон предизвика покајание кај царскиот евнух Устазан, којшто претходно одрече дека е Христов следбеник. Укорот на светителот го трогна и наведе Устазан да прими маченишттво за Христа. Заедно со Св. Симеон на губилиштето беа изведени уште 1000 христијани. Овој свет епископ се засолнуваше да пострада последен, за да може да ги укрепи своите духовни чеда во страдањата. Откако го испрати стадото пред небесниот Цар, пострада и самиот. Прогонствата на царот Саворij престанаа по убиството на неговиот омилен евнух Азат, којшто годината после убиството на Св. Симеон на Велики Петок беше убиен како христијанин. Сите пострадаа за Христа во 341 или во 344 година.



## 18 АПРИЛ
### Преподобен Јован

Ученик на Св. Григориј Декаполит. Живееше во времето на иконоборниот цар Лав Ерменин. Овој цар еретик ги подложи на мачење тројцата: Св. Григориј Декаполит, Св. Јосиф Песнописец и овој преподобен Јован. Но тие овие страдања ги преживеаја. Откако Григориј Декаполит мирно се упокои, игумен на неговиот манастир во Цариград стана преподобниот Јован, којштo се памети како голем подвижник во вподобувањето на Христа. Мирно се упокои околу 820 година. Него го погреба Св. Јосиф Песнописец, во близина на гробот на неговиот учител Григориј.



## 19 АПРИЛ
### Преподобниот маченик Агатангел

Светското име му е Атанасиј. Служеше кај Турците во Смирна, а тие насилно го потурчија. Се покаја и се замонаши во манастирот Есфигмен на Света Гора. Толку длабоко се каеше, што посака со својата крв да си го очисти гревот. Отиде во Смирна и излезе пред Турците со крстот и со иконата на Христовото Воскресение. Го убија на 19 април 1819 г. на деветнаесетгодишна возраст. По смртта му се јави жив на својот духовник Герман.



## 20 АПРИЛ
### Блажениот Григориј, патријарх Антиохиски

Беше игумен на манастирот Фаран под Синајската Гора. По

народност беше Ерменец. Против неговата волја го поставија за патријарх Антиохиски, и тоа после прогонството на неговиот истоимен претходник, којшто и самиот пред тоа беше монах на Синајската Гора. Блажениот Григориј беше многу познат по неговото големо милосрдие, особено кон грешниците. Се упокои во Бога 593 година.



**21 АПРИЛ**
**Светиот свештеномаченик Јануариј**

Беше епископ во Кампанија Италијанска. Го мачеа за Христа во времето на христогониот цар Максимијан. Маките ги поднесуваше многу трпеливо и незлобиво. Кога го фрлија во оган, огнот се разлади со невидлива роса, а маченикот неповреден стоеше внатре фалејќи Го Бога и пеејќи. Телото му го стружеа со железни четки. Заедно со неговите духовни чеда Фауст и Дисидериј, со путеолските ѓакони Прокул и Сосиј и со двајца христијани од путеолскиот затвор го фрлија пред ѕверови, но ѕверовите не сакаа ни да ги допрат Христовите маченици. Тогаш сите ги убија со меч во градот Путеол. Телото на Св. Јануариј тајно го зедоа христијаните од Неапол и го положија во една црква во нивниот град. Над ова тело се извршија многубројни чуда, меѓу кои се памети кога една вдовица го донесе својот мртов син единец над моштите на Светителот, а заради нејзините солзи и молитви кон Св. Јануариј Бог го оживеа нејзиниот син. Свети Јануариј пострада во 305 година.



**22 АПРИЛ**
**Преподобниот монах Виталиј**

Овој монах имаше необичен подвиг. Дојде во градот Александрија и веднаш си направи список на градските блудници, па дење работеше најтешки работи, а ноќе со заработените пари одеше кај некоја од блудниците и се затвараше со неа в соба цела ноќ. Но штом ќе се затвореа, Виталиј ја молеше жената да си легне, а самиот ја минуваше ноќта плачејќи и молејќи Го Бога за таа грешница. На жените им забрануваше да раскажуваат што прави со нив. Ги менуваше додека не ги изреди сите и повторно почнуваше од првата до последната. Во градот го сметаа за голем бесрамник и за ова трпеше многу навреди. Голем број од тие блудници заради неговото покајание и по неговите молитви се откажаа од нивниот развратен живот, па некои се омажија, други чесно се вработија, а трети се замонашија. Светоста на овој монах стана позната после неговата смрт, кога на неговиот гроб почнаа да се случуваат чудотворни исцеленија на болни. Живееше во времето на патријархот Јован Многумилостив.



23 АПРИЛ
**Светиот великомаченик Георгиј**

Син на богати и благочестиви родители од Кападокија. Татко му умре маченички за Христа. На дваесетгодишна возраст Георгиј беше трибун во војската на царот Диоклецијан. Кога овој цар почна да ги гони христијаните, Георгиј излезе пред царот и одважно ја објави својата вера во Господ Христос. Царот го затвори и го подложи на невидени маки. Му ги ставаа нозете во клади со тежок камен на градите, го врзуваа на тркало и го вртеа с додека не му го претворија телото во крвава рана, го труеја со смртоносни отрови, го закопаа во ров до вратот итн., но при сите маки Господ чудесно го исцелуваше маченикот, а бидејќи Георгиј имаше непрестајна молитва кон Бога, при ова вршеше чуда меѓу луѓето што присуствуваа на неговите страдања. Многумина гледајќи го сведоштвото на Светиот великомаченик ја примија верата во Христа. Го убија со меч 303 година. До ден денес им се јавува на верните и чудотвори во името на Бога кај оние што го молат да ги застапува пред Него.

24 АПРИЛ
**Светите маченици Пасикрат и Валентин**



Кога го мачеа Пасикрат, неговиот брат Папијан којшто претходно заради стравот од мачењата отпадна од Христа го наговараше и тој да се одрече. Нему и на судијата мачител Пасикрат им возвикна: „Телото е смртно и ќе изгори во огнот, но душата е бесмртна и не ги чувствува видливите маки!“ Мајка му пак, многу го храбреше во страдањата. Пострада од меч за Христа заедно со Валентин околу 228 година.



25 АПРИЛ
**Светиот апостол и евангелист Марко**

Му беше сопатник и помошник на Св. апостол Петар. Кога беа заедно во Рим, тамошните христијани го замолија да им ја запише спасоносната наука на Господ Исус, Неговиот живот и Неговите чуда. Така настана Евангелието според Марко, коешто го виде и го посведочи како вистинито Св. апостол Петар. Од него Св. Марко беше поставен за епископ во Мисир, којшто во она време тонеше во мракот на паганството, на гатарските и злочестивите дејства. Со Божја помош Св. Марко успеа да го посее семето на Христовата наука во Ливија, Амоникија и во Пентапол. Оттаму отиде во Александрија, каде што постави епископ и свештенство и добро ја утврди верата во Христа. Неговата проповед Бог ја крепеше со многубројни и прекрасни чуда.

Но незнабожците се кренаа против овој разорител на нивната нечестива вера и сакаа да го убијат. Св. Марко се засолни од Александрија во Пентапол и во неа се врати дури после две години, кога ја најде Црквата умножена. Тогаш незнабожците го фатија, го врзаа и го влечеа по калдрмата на александриските улици, па ранет го фрлија во затвор. Господ му се јави во затворот и го укрепи. Следниот ден мачителите повторно го мачеа на оној свој начин, па така Св. Марко во истоштеност издивна. Неговите свети чудотворни мошти ги погребаа христијаните.



**26 АПРИЛ**
**Светиот свештеномаченик Василиј, епископ Амасиски**

Заштитник на девицата Глафира, којашто отпаднат од Христа и воден од нечиста страст ја гонеше за да ја осквнерни Ликиниј, зетот на царот Константин. Глафира беше на служба кај благочестивата царица, жена на Ликиниј, а сестра на царот Константин. Под закрила на царицата побегна од напасниот Ликиниј од Никомидија во градот Амасија, во Понтиската област. Тамошниот епископ и Црквата во Амасија ја примија со многу љубов, но едно од нејзините писма до царицата падна во рацете на Ликиниј. Овој, разјарен, побара да му го доведат амасискиот епископ Василиј заедно со Глафира. На патот од Амасија за Никомидија умре Глафира, а блажениот Василиј отиде на мачење пред христогониот цар. Го убија со меч, па го фрлија во морето. Ангел Господов укажа дека телото му се наоѓа во водите близу градот Синоп. Царот Константин крена војска против својот нечестив зет, го фати и го испрати во прогонство во Галија.



**27 АПРИЛ**
**Светиот апостол Симеон**

Еден од Седумдесеттемина помали апостоли. Тој му е син на Клеопа, братот на праведниот Јосиф, свршеникот на Пресвета Богородица. Со голема ревност и храброст го проповедаше Евангелието Христово насекаде по Јудеја. Откако Евреите го убија Св. апостол Јаков, братот Господов, по него за епископ на ерусалимската Црква беше поставен овој апостол Симеон. Со Црквата Божја во Светиот Град управуваше со мудрост и со сила Божествена до својата старост. Имаше повеќе од 100 години кога пострада за време на прогонствата на царот Трајан. Прво претрпе големи маки, а потоа го распнаа на крст.



**28 АПРИЛ**
**Светите апостоли Јасон и Сосипатар и девицата Керкира**

Јасон и Сосипатар беа од Седумдесеттемина помали апостоли. Св.

апостол Павле го постави Јасон за епископ Тарсиски, а Сосипатар за епископ Иконски. Патувајќи и проповедајќи го Евангелието отидоа на островот Крф, каде што изградија црква посветена на Св. првомаченик Стефан и ги обратија некои незнабожци во Христовата вера. Царот на островот ги фрли во затвор, а таму имаше седуммина разбојници. Овие од апостолите ја примија верата во Христа, но штом дозна за тоа царот нареди да ги усмртат во врела смола. И така некогашните разбојници примија маченички венци. Кога потоа царот ги подложи апостолите на маки, неговата ќерка Керкира ги виде нивните страдања, се распраша и дозна за нивната вера, па и самата се огласи како христијанка и им го раздаде својот накит на сиромасите. Царот не ја поштеди, но ја затвори во посебен затвор и бидејќи не успеа да ја одврати од Господа во Кого таа поверува, нареди да го запалат затворот. Затворот изгоре, а девицата преживеа. Заради ова чудо мнозина се крстија. По ова царските војници ја убија Керкира со стрели.



**29 АПРИЛ**
**Преподобниот Мемнон Чудотворец**

Од младоста се предаде на подвиг на пост и молитва и толку си го очисти срцето од страстите, што стана живеалиште на Светиот Дух. Исцелуваше неисцелливи болни и со името Божјо вршеше многу други чуда. Се јавуваше во морски бури и спасуваше бродови од пропаст. Мирно се упокои во Господ во 2 век и се пресели во небесните дворци на Христос.



**30 АПРИЛ**
**Светиот апостол Јаков Заведеев**

Еден од Дванаесеттемина големи апостоли. Брат на апостолот Јован Богослов. Кога Господ Исус минувајќи покрај нив ги повика двајцата браќа да тргнат по Него, тие без двоумење ги оставија рибарските мрежи и татко им Заведеј и оттогаш не се делеа од Господа. Овој апостол е еден од тројцата апостоли што Му беа најблиски на Христа. Господ го поведе, заедно со Петар и Јован, со Себе на гората Тавор, кога се преобрази пред нив во Неговата Божествена слава, но тие беа со Него и при последните предсмртни моменти во Гетсиманската градина. Св. апостол Јаков после Педесетница одеше да проповеда по разни краишта, дури до Шпанија. Штом се врати оттаму, со него почнаа да се препираат за Светото Писмо Евреите, па за да го надвладеат го најмија маѓесникот Хермоген. Но Хермоген и неговиот ученик Филип се поклонија пред силата на вистината и се крстија. Потоа како клеветник беше најмен некој Јосија, ама и тој поверува, па на крајот и пострада за Христа заедно со Св. апостол Јаков. Пострадаа под острица на меч во 45 година во Ерусалим.



**1 МАЈ**
**Светиот пророк Еремија**

Роден е во 600 г. пред Христа во близината на Ерусалим. Почна да пророкува кога имаше 15 години, во времето на царот Јосија. Кај овој цар имаше многубројни големци, свештеници и лажни пророци и нив Еремија ги повикуваше на покајание. Но одвај се спаси од нивните убиствени раце. На царот Јоаким му прорече за неговата срамна смрт, т.е. дека ќе биде погребан недостојно како магаре. За ова царот го фрли Еремија, а тој од прозорчето го виде Варух и почна да му диктира пророштво. Царот се разгневи и од ова пророштво, но зборовите на пророкот се исполнија. Им пророкуваше и на царевите после овие, на еврејските робови во Вавилон, на идолопоклониците во долината Тотеф итн. Кога Вавилонците навистина го заседоа Ерусалим, Еремија го зеде ковчегот од храмот и го скри во длабочината на еден бунар. Последните 4 години од животот ги мина во Мисир, принуден од некои Евреи, а на крајот таму умре каменуван од неговите сонародници. Постои предание дека Александар Македонски го посетил гробот на пророкот Еремија и наредил моштите на пророкот да се пренесат и да се погребаат достоинствено во Александрија.



**2 МАЈ**
**Светите маченици Еспер, Зоа, Киријак и Теодул**

Тие се едно христијанско семејство. Во времето на царот Адријан незнабожецот Катал ги купи како робови Еспер, жена му Зоа и нивните синови Киријак и Теодул. Бидејќи не сакаа да вкусат од идолските жртви на незнабожците, им ја фрлаа таа храна на кучињата, а самите гладуваа. Кога дозна, Катал се разгневи и почна тешко да ги измачува. Ги мачеше прво децата, но тие не само што не се расколебаа туку дури и бараа уште потешки маки. Најпосле целото семејство го фрлија во огнена печка. Нивните тела останаа цели и неподгорени од огнот. Пострадаа чесно во 2 век.



**3 МАЈ**
**Преподобен Теодосиј Киево-Печерски**

Од најраната младост се предаде на молитва и богомислие. За ова мајка му често го тепаше. Еднаш штом ги прочита во Евангелието Христовите зборови кој сака повеќе татко или мајка повеќе од Мене не е достоен за Мене, Теодосиј го напушти родителскиот дом и побегна во Киевската пештера кај Свети

Антониј, кој го прими и наскоро го замонаши. Со подвигот и со добродетелите што ги стекна Теодосиј многу се извиши над другите монаси, па набрзо Свети Антониј го постави за игумен на манастирот. На овој прекрасен девственик Бог му даде голема благодат и чудотворна сила. Се упокои мирно во 1074 година. Моштите му почиваат покрај оние на Св. Антониј.



**4 МАЈ**
**Преподобен Никифор**

Тој му е учител на прочуениот Григориј Палама. Св. Никифор прво беше католик. Кога премина во Православие, заедно со премудриот Теолипт Филаделфиски стана светогорски подвижник. Напиша значајно дело за умствената молитва. Се нарекува и Никифор Исихастот.



**5 МАЈ**
**Светата великомаченичка Ирина**

Татко ѝ беше малечок цар во градот Магедон на Балканот. Живееше во времето на апостолите. Ирина и нејзините дворјанки се крстија од Св. Тимотеј, ученикот на Св. апостол Павле. На чудесен начин таа го обрати во Христовата вера нејзиниот татко, кој претходно ја мачеше заради Христа. Оваа Христова страдалница претрпе маки уште од четири цара. Бог ја спасуваше преку ангели. Ја стружеа со бичкија, но бичкијата се одбиваше од нејзиното тело. Ја врзуваа за воденичко тркало и со водата сакаа да ја убијат, но остана здрава и жива. Ја ковеа со клинци по телото, ја водеа зауздана како добиче, но ангел Господов ја затресе земјата под нејзините мачители и земјата ги проголта. Нејзините страдања се неописливи и тешко замисливи. Мнозина што ги гледаа ја примаа верата во Христа. Преку чудата што ги јави Бог при страдањата на Света Ирина се обратија над 100 000 незнабожци. На крајот легна во гроб и заповеда да го затворат. По четири дена гробот го отворија, но нејзиното тело не го најдоа.



**6 МАЈ**
**Свети Варвар Разбојникот**

После многу злосторства се покаја и се осуди самиот себеси: прво, три години да оди на четири нозе и да јаде со кучињата и второ, дванаесет години да живее во шума, без облека, без покрив и друга храна освен трева и лисја. Ангел Господов го извести дека гревовите му се простени. Едни трговци патуваа по шумата, па кога го видоа оддалеку Варвар помислија дека е ѕвер а не човек, ги вперија кон него стрелите и го убија. Умирајќи ги помоли да му јават на блискиот свештеник за него. Свештеникот дојде и чесно го погреба. Од неговото тело потече целебно миро што ги лечеше луѓето од разни болести и маки.



**7 МАЈ**
**Светиот маченик Акакиј**

Беше римски офицер во времето на царот Максимијан. Кога одговараше на суд за верата во Христа, рече дека неговата благочестива вера ја наследил од

родителите и дека во неа се утврдил гледајќи ги чудесните исцеленија од моштите на христијанските светители. После големи маки храбро претрпени во градот Пиринт, Акакиј го спроведоа во Византија, каде што издржа нови маки, а најпосле го убија со меч. Пострада за Христа во 303 година.



**8 МАЈ**
**Преподобен Арсениј Велики**

Роден е во патрициско семејство во Рим, добро школуван во светските науки, во философијата и во духовната мудрост. Прво беше ѓакон на Црквата во Рим. Потоа царот Теодосиј го зеде за учител на неговите синови. Притиснат од дворската суета и од одмаздољубивото срце на својот воспитаник Аркадиј, Свети Арсениј се облече како питач, седна на кораб за Мисир и дојде во славниот подвижнички Скит, каде што му стана ученик на прочуениот Јован Колов. Се сметаше себеси за мртов. Кога некој му јави дека добил наследство од еден негов упокоен богат роднина, Светителот одговори: „Како можам да го наследам кога јас пред него умрев!„ Живееше како пустиножител 55 години, а поживеа вкупно 100 години. Деновите во келијата ги минуваше плетејќи кошници од палмови лисја, а ноќите во молитва. Многу ги одбегнуваше луѓето. Се упокои мирно во 448 година.



**9 МАЈ**
**Светиот пророк Исаија**

Од царски род. Со големата Божја благодат што беше во него Исаија се удостои и Го виде Господа Саваот на престолот небесен. Пророкуваше многу нешта: на поединци и на народи. Еднаш три дена одеше гол по улиците на Ерусалим пророкувајќи го скориот пад под асирскиот цар Сенахерим и ги предупредуваше царот и народните главешини да се управат единствено кон Господа Севишниот и од Него да бараат помош, а да не се надеваат на помош од Мисирците и Етиопјаните. Сите негови пророштва се исполнија буквално. Најважни му се пророштвата за зачнувањето на Пресветата Дева, за Св. Јован Предвесник и за настаните од животот на Господ Христос. Заради неговото чисто срце прими од Бога дар на чудотворство. По неговите молитви од горажата Сион потече Силоамската вода, на којашто со векови подоцна отиде Христос за да го исцели раслабениот. Пророкот Исаија живееше и пророкуваше 700 години пред Христа.



**10 МАЈ**
**Светиот апостол Симон Зилот**

Еден од Дванаесеттемина големи апостоли. Родум е од Кана Галилејска. На свадба му дојде Господ Исус со Богородица и со учениците. Кога снема вино, Господ претвори вода во вино. Штом го виде ова чудо младоженецот Симон си го остави домот, родителите и невестата, па појде по Христа. Зилот значи ревнител. Симон е наречен Ревнител заради неговата голема и огнена ревност кон Спасителот и Неговото Евангелие. Откако на Педесетница Го прими Светиот Дух, Симон отиде да го проповеда Евангелието во Мавританија во Африка. Успеа да обрати во верата многумина, а потоа беше мачен и најпосле распнат на крст како неговиот Господ.

**11 МАЈ**
**Светите Методиј и Кирил Рамноапостолни**



Родени браќа по потекло од Солун. Откако помина во офицерски чин на воена служба 10 години меѓу Словените, Методиј отиде и се замонаши на горатa Олимп. Подоцна таму му се придружи и брат му Константин (Кирил). На заповед од царот Михаил овие браќа ги испратија на христијанска мисија меѓу Хазарите. Таму го воведоа хазарскиот Каган во Христовата вера, па го крстија него и неговите достоинственици и голем број поданици. Потоа во Цариград ја составија словенската азбука и ги преведоа црковните книги од грчки на словенски јазик. По ова беа пратени во Моравија и таму со успех го раширија и утврдија Православието. Храбро се бореа против трријазичничката ерес и го ширеа Евангелието на локалните јазици на народите. Имаа многу неволји од германското свештенство. Прв се упокои Св. Кирил во Рим, каде што престојуваа повикани од тогашниот папа, којшто ги одликуваше со многу почести. Свети Методиј ја продолжи мисијата во Моравија и се потруди на Евангелието меѓу Словените. Се упокои во Господ во 885 година. По неговата смрт неговите ученици Петточисленици продолжија со просветувањето за Христа во Македонија.

**12 МАЈ**
**Свети Епифаниј епископ Кипарски**



Се роди како Евреин, но кога ја увиде силата на верата Христова се крсти тој и неговата сестра Калитропија. На 26 години се замонаши во манастирот на Св. Иларион. Подоцна самиот устрои манастир и се прочу по цела Палестина и Мисир заради подвижништвото, духовната мудрост и чудотворството. Бегајќи од човечката слава се оддалечи во Мисир. Но по Божја Промисла стана епископ во градот Саламина на Кипар. Тој му е современик на Св. Јован Златоуст. Во времето кога овој голем Светител трпеше прогонство од царицата Евдоксија, некои се понадеваа да го искористат Св. Епифаниј против Златоуст. Дури и му јавија на Златоуст дека кипарскиот епископ се согласил со царот против него. Св. Епифаниј го разби сомнежот на Св. Јован со едно претсмртно пророштво за блиската смрт на обајцата. Се упокои во Господ во 403 година. Од неговите многубројни богословски дела најпознато е т.н. Ковчеже (Панарион), во коешто се изложени и побиени 80 ереси.

**13 МАЈ**
**Преподобните Јован, Ефтимиј, Георгиј и Гавриил Иверски**



Основачи на познатиот Иверски (Грузиски) манастир на Света Гора. Св. Јован најпрво се подвизуваше во лаврата на Св. Атанасиј, а потоа го основа манастирот Ивер. Се упокои во 998 година. Ефтимиј и Георгиј го преведоа Светото Писмо на грузиски јазик. Ефтимиј се упокои во 1028 г., а Георгиј во 1066 г. Гавриил се удостои да ја прифати чудотворната икона на Пресвета Богородица, којашто по морето дојде во манастирот за време на иконоборните прогонства.

**14 МАЈ**
**Блажениот Исидор Јуродив**

По потекло Германец. Дојде во Ростов, ја засака православната вера, и не само што



премина во Православието туку и зеде тежок подвиг на јуродство заради Христа.Ноќеваше во една колиба од гранки. Покажа големи и прекрасни чуда за време на животот и после смртта. На еден трговец што беше исфрлен од кораб и се давеше во морето, Исидор му се јави по водата и го изведе на брегот. Еднаш кај ростовскиот кнез пресушија сите садови со вино, затоа што претходно неговите слуги го избркаа Исидор и не му дадоа чаша вода. Кога умре во својата колиба, на 14 мај 1484 г., целиот Ростов замириса со некое прекрасно благоухание. Трговецот когошто блажениот Исидор го спаси во морето му подигна на светителот црква на местото на неговата колиба.



**15 МАЈ**
**Преподобен Теодор Осветен**

Ученик на Св. Пахомиј. Тајно од родителите побегна во манастирот на Св. Пахомиј уште како момче. Св. Пахомиј го замонаши и многу го засака заради неговата необична ревност и послушност. Дојде мајка му да го вика дома, но тој не сакаше да ѝ се јави, туку Го молеше Бога да ја просветли за верата на Вистината. И навистина, тогаш мајка му се упати во блискиот женски манастир во којшто управуваше сестра му на Св. Пахомиј и самата се замонаши. Набрзо во манастирот дојде и брат му на Теодор, Пафнутиј, па стана монах. По смртта на Св. Пахомиј го поставија Теодор за игумен на сите Пахомиеви манастири и тој поживеа до длабока старост, управувајќи ги многубројни монаси на патот кон спасението.



**17 МАЈ**
**Светиот апостол Андроник**

Еден од Седумдесеттемина апостоли. Роднина му е на апостолот Павле. Го поставија за епископ на Панонија. Не живееше на едно место, туку патуваше по Панонија и насекаде го проповедаше Евангелието. Заедно со Света Јунија успеаја многумина да ги обратат кон Христа и разорија многубројни идолски храмови. Обајцата имаа благодат на чудотворство, со којашто ги изгонуваа демоните од луѓето и исцелуваа секаква немоќ и болест. На крајот пострадаа маченички. Моштите им се најдени во Евгениските краишта.



**18 МАЈ**
**Светите маченици Петар, Дионисиј, Андреј, Павле и Христина**

Петар - прекрасно момче, Дионисиј - угледен човек, Андреј и Павле - војници и Христина - шеснаесетгодишна девица. Сите храбро Го исповедаа Христа и поднесоа маки и смрт за Неговото име. Некој Никомах, којшто беше мачен со нив, се одрече од Христа насред маките и одеднаш слезе од умот, па како бесен си го гризеше своето тело и исфрлаше пена на устата сѐ додека не издивна. Ова стана во 250 г.

**19 МАЈ**
**Свети Јован, епископ Готски**

Беше епископ во Грузија, но кога тамошниот татарски каган почна да ги мачи христијаните, тој се засолни четири



години меѓу Готите во Бесарабија (Готска епархија образувана за време на Константин Велики). Кога слушна за смртта на каганот, се врати на својата служба и ревносно и богоугодно го раководеше стадото што му беше доверено од Бога. Пред смртта рече: „По четириесет дена одам да се судам со каганот,,. И навистина, на четириесеттиот ден се престави кај Господ во 8 век.



**20 МАЈ**
**Светиот маченик Талалеј**

Роден е во Ливан. Пострада кога имаше 18 години. Имаше прекрасно лице и црвеножолта коса. Беше лекар. Го мачеа заради Христа во времето на Нумеријан. Судијата нареди со свредел му ги издупчат колената, да му провлечат внатре јаже и така да го обесат на едно дрво. Но Бог им го помрачи видот на џелатите и наместо маченикот тие обесија една штица. Мислејќи дека намерно го направиле тоа, мачителот нареди да ги тепаат. Тогаш и тие се приклонија кон Христа, па примија маченичка смрт заради Него. Потоа мачителот самиот зеде свредел и се зафати да му ги дупчи колената на Талалеј, но рацете му премалеа и не можеше. Мораше да го моли Талалеј да му помогне за да му се врати силата. Талалеј се помоли и Бог го слушна. Но со ова не завршија неговите маки. Го фрлија во вода, ама тој излезе жив пред мачителот. Го фрлија пред ѕверови, а тие се умилкуваа пред него. Најпосле го убија со меч во 284 г.



**21 МАЈ**
**Светиот цар Константин и царицата Елена**

Најпознати христијански владетели. Верата во Христа прв ја прими царот Константин, на кого од Бога во видение му беше даден знакот на победата со христијанскиот крст. За верата во силата на Крстот Бог му ја даде големата победа над тиранот Максенциј, по што Константин го издаде првиот едикт за слободна вероисповед во римското царство. Оттогаш не само што престанаа прогонствата на христијаните туку и се роди ново општество, во чие средиште беше Црквата Христова. Царот Константин го премести и седиштето на новото царство во новооснован град на темелите на дотогаш безначајното гратче Визант, коешто оттогаш се нарече Константинопол и Цариград. Царот Константин е заслужен за свикувањето на Првиот Вселенски Собор, којштo под негово покровителство со невиден сјај засветли во царскиот дворец во Никеја. Мајка му, царицата Елена, поверува во Христа и при нејзините ревносни поклоненија по Светите места од животот и страдањата на Господ го утврди почитувањето на светостите во Ерусалим, изгради стројни цркви, го пронајде Чесниот Крст на којштo беше распнат Христос и изврши многу други богоугодни дела.



**22 МАЈ**
**Светиот маченик Василиск**

Го мачеа заедно со Евтропиј и Клеоник. Нив ги распнаа на крст и така свршија на 3 март, а Василиск го вратија во затворот.

Заради смената на власта остана затворен долго. Но таму тој Го молеше Бога да не му го одземе дарот на маченииштвото. Самиот Господ му се јави и му вети маченички подвиг, но го испрати во родното село за да се поздрави со мајка му и браќата. Тогаш таму дојде намесникот Агрипа, кој се покажа христогонител. Го фати Василиск и го тераше да му принесе жртва на идолот Аполон. Василиск се помоли усрдно на Бога и идолот се урна во прав, а храмот се запали. Агрипа се исплаши и нареди па го убија Василиск. Но тогаш мачителот полуде. Во лудилото отиде на губилиштето, зеде малку од крвта на маченикот во прашината и си ја приврза на појасот. Од тоа оздраве и се крсти. Еден граѓанин командски подигна црква врз моштите на Свети Василиск и во неа многумина се исцелија од своите болести и маки.



**23 МАЈ**
**Преподобна Ефросинија, кнегиња Полоцка**

Таа му е ќерка на кнезот Всеслав Полоцки. Кога родителите сакаа да ја свршат, побегна во женски манастир и се замонаши. Ангел Господов □ се јави трипати и □ покажа место за да устрои нов девствен манастир. Во монаштво ја привлече и својата сестра Евдокија и многу други благороднички. На старост Света Ефросинија посака да умре во Ерусалим и Му се молеше на Бога за тоа. Бог □ ја услиши молитвата и навистина, кога го посети Ерусалим се упокои таму. Ја погребаа во манастирот на Св. Теодосиј на 23 мај 1173 година.

**24 МАЈ**
**Преподобен Симеон Столпник Дивногорец**



Роден е во Антиохија во 522 г. Татко му загина во земјотрес, а Симеон остана со мајка му Марта. На пустински подвиг тргна кога имаше шест години, кај некој духовник Јован. Многу се подвизуваше во постот и во молитвата, а претрпе страшни демонски искушенија. Но по ова му се јави Христос во вид на прекрасно момче и му подари голема благодат на Симеон. После тоа видение во срцето на Св. Симеон се разгоре голема љубов кон Господа, па многу години помина стоејќи на еден столб и пеејќи Му псалми на Бога. Потоа, упатен од Господ замина на горита Дивна и живееше таму. Имаше голема благодат на исцелување, на прозирање во далечина, ги скротуваше ѕверовите, излегуваше надвор од себе и ги гледаше небесата, разговараше со ангелите, ги изгонуваше демоните, не јадеше по 30 дена, примаше храна од раце на ангели. Се упокои во 75 година од животот во 596 г.



**25 МАЈ**
**Светиот свештеномаченик Терапонт, епископ Кипарски**

Монах и подвижник на островот Кипар. Беше епископ, а пострада како маченик за Христа. Неговото тело почиваше во една црква на Кипар. Во 806 г. Агарјаните удрија на островот Кипар и тогаш светителот му се јави на туторот на онаа црква, му кажа дека неверници ќе го нападнат Кипар и му заповеда да ги пренесе неговите мошти во Цариград. Кога коработ со ковчегот тргна по морето се крена голема бура, но околу коработ морето беше тивко и од ковчегот се разлеваше благоухан мирис по целиот кораб и

наоколу. Тогаш туторот го отвори ковчегот и го најдоа целиот исполнет со миро изл еано од моштите на Свети Терапонт. Со тоа миро многумина болни се намачкаа и оздравеа. Во Цариград над овие чудотворни мошти изградија црква. Од нив со благодатта Божја се лечеа болни од најтешки болести.



**26 МАЈ**
**Светиот апостол Карп**

Еден од Седумдесеттемина апостоли. Следбеник и придружник на Св. апостол Павле, којшто го постави за епископ на Верија Тракиска. Го проповедаше Евангелието и на Крит, каде што го прими во својот дом Св. Дионисиј Ареопагит. За него Св. Дионисиј сведочи дека бил човек со необично чист ум, кроток и незлоблив, и дека во видение му се јавил Самиот Господ Исус со Своите ангели, и дека никогаш не почнувал да служи литургија ако претходно немал небесно видение. Откако претрпе многу напасти за името Христово, Св. Карп најпосле пострада мачленички од неверните Евреи.



**27 МАЈ**
**Свети Давид Гареџиски**

Тој е еден од Тринаесетте отци Грузиски. Името го доби по Гареџиската пустина близу Тифлис, каде што се подвизуваше во христијанскиот живот. На старост зеде неколкумина од своите учиеници и тргна да ја посети Светата земја. Но кога стигнаа на еден рид од којшто се гледаше Ерусалим, Давид се расплака и рече: „Како да се дрзнам со овие мои грешни нозе да одам по стапките на Богочовекот?„ Па им рече на своите ученици тие, како достојни, да појдат и да им се поклонат на светостите, а самиот зеде три камења и се врати назад. Ова смирение Господ му го објави на тогашниот патријарх Ерусалимски Илија, велејќи: „Испрати веднаш по старецот што се враќа за Сирија; кај него има три камења, со себе тој ја однесе целата благодат на Светата земја. Нему за благослов му е доволен еден камен, а другите два нека ги врати во Ерусалим. Тој старец е авва Давид Гареџиски.„ Патријархот така и направи. А оној трет камен до ден денес лежи на гробот на Свети Давид и има чудотворна исцелителна сила.



**28 МАЈ**
**Свети Никите Исповедник, епископ Халкидонски**

Во младоста се одрече од светот и отиде на монашки подвиг. Заблесна со добродетелта како сонце, па црковните старешини го издигнаа на архиерејскиот престол во Халкидон. Како архиереј беше особено милостив кон бедните и многу се грижеше за сираците, за вдовиците и за ништите. Кога царот Лав Ерменин стана против иконите, Свети Никита стана храбро во одбрана на иконите, го разобличи царот и му го објаснуваше значењето на иконите. Заради ова претрпе многу понижувања, злоба и затвор. Најпосле царот го протера во прогонство, а таму Св. Никита се престави кај Господ за да прими венец на слава во Неговото Царство.

**29 МАЈ**
**Преподобната маченичка Теодосија**



Родена е по молитвите на мајка ѝ кон Св. маченичка Атанасија, којашто ѝ се јави и ѝ го објави раѓањето на Теодосија. Родителите го посветија детето на Бога, т.е. рано ја дадоа во манастир. По нивната смрт од нивниот огромен имот таа нарача да ѝ изработат три икони: на Спасителот, на Пресвета Богородица и на Св. маченичка Атанасија. Другото им го раздаде на сиромасите. Пострада маченчки во времето на иконогонителот Лав Исавријанин.



**30 МАЈ**
**Света Макрина**

Таа му е баба на Св. Василиј Велики. Имаше прекрасен ум и ретка благочестивост. Ученичка му е на Св. Григориј Неокесариски чудотворец. Во времето на Диоклецијан заедно со мажот ѝ се засолнија во шумите и се криеја по пустините. Имотот им го конфискуваа, но тие не се жалеа. Лишени од сѐ, освен од љубовта кон Бога, се населија во една прастара шума, во којашто поминаа 7 години. По Божја Промисла козите се спуштаа од планината и им се подаваа за да ги нахранат. Обајцата мирно се упокоија во 4 век, откако претрпеа многу страдања заради верата во Христа.



**31 МАЈ**
**Светиот маченик Философ**

Роден е во околината на Александрија. Во времето на прогонствата на христијаните Философ не сакаше да се одрече од својот Господ Исус Христос пред кнезовите и незнабожните судии. За ова го подложија на маки. За да го осквернат, најпосле го положија на мека постела, му ги врзаа рацете и нозете и пуштија кај него една развратна жена што го наведуваше на грев. Кога почувствува дека во него се буди страст од допирот на женските раце, Св. Философ си го стегна јазикот со забите, го откина и ѝ го плукна на блудницата в лице. Од ова страста веднаш исчезна, а жената ја опфати ужас и побегна. Потоа го убија со меч. Пострада за Христа во 252 г. на млади години.



**1 ЈУНИ**
**Преподобен Агапит Печерски**

Бесребрен лекар. Ученик на Св. Антониј Печерски. Ги лечеше луѓето со молитва и со едно зелје од коешто правеше леб за себе. Така го излечи и кнезот Владимир Мономах, заради што многу се прочу. На ова му позавиде лекарот на кнезот, некој Ерменец, и почна да го клевети. Агапит се разболе и Ерменинот појде кај него, па му рече дека за три дена ќе умре, а ако не умре, дека тој, Ерменинот, ќе се замонаши. Агапит му одговори дека нему од Господ му е јавено дека нема да умре за три дена туку за три месеци. Така и се случи. По смртта на Агапит оној Ерменин појде кај печерскиот игумен и го замоли да го замонаши, зашто, рече, му се јавил Св. Агапит од оној свет и го потсетил на ветувањето. Св. Агапит се упокои во 1095 година.